# РОДОВО МАПИРАЊЕ ВО СФЕРАТА НА ИКТ ВО МАКЕДОНИЈА

Автор:
Кристина Хаџи-Василева

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

APC
ASSOCIATION FOR PROGRESSIVE COMMUNICATIONS

# СОДРЖИНА


1.1. Вовед.........................................................5

1.2. Методологија ...........................................7

1.3. Наоди на анализата...............................11

1.3.1. Заднина ..........................................13

1.3.2. Правна рамка во Македонија........14

1.3.3. Пристап (користење на
ИТ алатки и медиуми) ...............................15

1.3.4. Економија (образовна и
професионална ориентација кон ИТ) .....23

1.3.5. Изразување (заштита на
човековите права на друштвените
медиуми, слобода на изразување на
онлајн медиуми, заштита на приватност
на онлајн медиуми итн.)...........................26

1.4. Заклучоци и препораки..........................31

1.5. Ограничувања на оценката...................37

# 1.1 ВОВЕД

Документот за родово мапирање во сферата на ИКТ во Македонија е подготвен во рамки на проектот на Метаморфозис „Унапредување, обликување и поддржување на слободите на интернет“. Главни цели на проектот се зголемување на разбирањето за сегашната состојба во однос на спроведувањето на основните права и слободи на Интернет во Македонија, градење на капацитетите на невладините организации (НВОи) и медиумите и олеснување на процесот на споделување на знаење и вмрежување помеѓу најрелеватните засегнати страни како основа за зголемено учество на граѓанските организации (ГОи), медиумите и граѓаните во формирањето на политиките кои се однесуваат на слободите на Интернет.

Проектот има за цел да придонесе кон зголемено разбирање и поддршка за политиките и програмите за универзален пристап базирани врз права помеѓу граѓанското општество, човековите права, женските права и практичарите на развој преку директно фокусирање на зголемување на вмрежувањето на повеќе засегнати страни, размена на информации и соработка помеѓу активистите, експертите како и и јавните функционери и јавните службеници во соодветните области.

Голем дел од практирачите во овие области недоволно внимаваат на „онлајн“ аспектот на овие прашања иако зголемениот пристап до нови

технологии директно придонесува кон намалување на родовиот јаз и ги оснажува маргинализираните групи. Правењето на прашањата за универзален пристап да бидат стандардни во рамки на креирањето политики во однос на човековите права преку подигање на свеста за релевантните аспекти со јасна импликација во Македонија како земја-модел на Западен Балкан ќе овозможи користењето на проектните резултати како и воспоставените најдобри практики да се реплицира низ целиот регион.

Анализата ќе ги земе предвид веќе постоечките податоци и/или студии и ќе мапира документ кој ќе претставува водич за идниот стратешки притап на Метаморфозис во Македонија кон развивање пристапи за поддршка на женското учество во сферата на ИТ. Таа претставува обид за свртување на вниманието кон сегашната ситуација со родовите прашања и начинот на кој се користи ИКТ за промоција на родовата еднаквост и феминистичките прашања како и за лоцирање на потенцијалната улога на Метаморфозис во оваа сфера во иднината.

# 1.2
# МЕТОДОЛОГИЈА

# 1.2 METHODOLOGY

Методологијата зад овој документ главно се базира на разгледување на релевантни публикации кои опфаќаат анализи, истражувања и извештаи подготвени од Метаморфозис, но и од други организации во Македонија. Стратегиите и плановите на национално ниво и релевантните секторски закони кои ќе овозможат подобрена оценка на тековниот контекст во кој ИТ и родот се вкрстуваат беа исто така предмет на разгледување.

Разгледувањето исто така опфати и истражување на онлајн материјали како блогови, објави на друштвени медиуми, статистички податоци итн.

# 1.3 НАОДИ НА АНАЛИЗАТА

# 1.3 НАОДИ НА АНАЛИЗАТА

## 1.3.1 ЗАДНИНА

Односот помеѓу родот и информатичката технологија не е клучно прашање во рамки на дискурсот за родова еднаквост во Македонија. Јавната дебата во голема мера се однесува на теми поврзани со родово насилство, економско оснажување на жените како и зголемување на политичкото застапување на жените. Во последните неколку години, прашањето за стандардизирање на родово респонзивно буџетирање во локалните и националните политки исто тама зема замав.

Нема јавно признаени организации кои конкретно ја фокусираат нивната работа на родот и ИКТ, но некои женски организации почнуваат да гребат по површината на ова прашање. Една од причините за ова може да биде дека темата не е од конкретен интерес за некоја важна засегната страна во заедницата која има моќ да ја турка оваа агенда во јавната дискусија.

Со усвојувањето на Агендата за одржлив развој до 2030 година од страна на земјите членки на Обединетите нации кое се случи во 2015 година, ИКТ доби зголемена важност при исполнувањето на Целта број 5: Родова еднаквост. Како што истакна извршната директорка на Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените, Хумзиле Мламбо-Нгчука,: „ИКТ нуди голем потенцијал за жените и девојките: од ставање крај на сиромаштијата, преку подобрување на образованието и здравството, до земјоделска продуктивност и креирање достоинствени работни места."[1] Како резултат на тоа, ИТУ[2] (специјализираната агенција на Обединетите нации за информатички и комуникациски технологии - ИКТ) и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените започнаа заедничка иницијатива под името „ЕДНАКВИ: Глобално партнерство за родова еднаквост во дигиталната ера" („EQUALS: The Global Partnership for



1 "Reshaping the future: Women, girls and tech for development", Phumzile Mlambo-Ngcuka, UN Under-Secretary-General and Executive Director, UN Women Emerging Trends | ICT4SDG | SDG5, February 9, 2018.ef

2 www.itu.int

Gender Equality in the Digital Age") посветена на жените и девојките во технологијата со визија за зауздување на моќта на модерните информатички и комуникациски технологии (ИКТ) со цел да се забрза глобалниот процес за премостување на родовата дигитална поделеност.

Според податоците на ИТУ, односот на мажите кои користат Интернет е повисок во споредба со жените во две третини од земјите низ светот. Постои силна врска помеѓу родовата еднаквост при процентот на запишување во терцијално образование и родова еднаквост при користењето на Интернетот. Единствениот регион во кој процентот на жени кои користат Интернет е повисок од мажите се Америките, каде што земјите исто така котираат високо кога станува збор за родова еднаквост во терцијално образование. Исто така, процентот на жени кои користат Интернет е за 12% понизок од процентот на мажи во светски рамки. Од 2013 година наваму, родовиот јаз се намалува во повеќето региони, што не е случај во Африка, каде што тој се зголемува. Во најмалку развиените земји, само една од седум жени користат Интернет споредено со мажите, чиј што однос е еден наспрема пет. Пенетрацијата на Интернетот во земјите во развој е за 7% повисок кај мажите отколку кај жените.[3]



Разликите во пристапот, капацитетот за користење и начините на доаѓање во контакт со ИКТ меѓу жените и мажите, познати како родова дигитална поделеност, исто така се дел од агендата за политики на ЕУ веќе подолго време. Во едно истражување[4] спроведено минатата година се истакнува дека луѓето, а не технологијата, треба да ги водат информатичките и комуникациските технологии (ИКТ). Во овој контекст, намалувањето на родовата дигитална поделеност ќе се случи доколку политиките одат над пристапот и се вклучени во процесите на носење одлуки и градење капацитети. Тоа вклучува градење капацитети и обуки, отстранување на законските и општествените бариери, овозможување на жените и девојките да имаат улога во планирањето на ИКТ, зголемен пристап до и контрола над ресурсите на ИКТ.

3 https://www.itu.int/en/ITU-D/Statistics/Documents/facts/ICTFactsFigures2017.pdf

4 "The underlying causes of the digital gender gap and possible solutions for enhanced digital inclusion of women and girls", Directorate General For Internal Policies Policy Department C: Citizens' Rights And Constitutional Affairs, European Parliament's Policy Department for Citizens' Rights and Constitutional Affairs, PE 604.940, March 2018

## 1.3.2 ПРАВНА РАМКА ВО МАКЕДОНИЈА

Во Македонија постојат два клучни закони кои се поврзани со и имаат влијание на родот и ИКТ. Законот за еднакви можности на мажите и жените[5] предвидува воспоставување на еднакви можности и третман на жените и мажите како и мерки за овозможување на овој процес. Овој закон има за цел да воспостави еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општеството и ја става одговорноста за негово постигнување кај сите општествени актери и во приватниот, но и во јавниот сектор. Одговорностите се однесуваат на Собранието, Владата, владините тела, единиците на локалната самоуправа, Народниот правобранител, политичките партии. Медиумите, преку нивните програмски концепти, имаат обврска да придонесат за родовата еднаквост со тоа што нема да дискриминираат на оваа основа. Во овој контекст, Советот за радиодифузија, од неодамна Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, има обврска да подготвува годишни анализи за родовите прашања во програмските содржини во медиумите и истите ги објавува и поднесува до Собранието.

Последните амандмани на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[6] јасно забрануваат емитување на програми кои поттикнуваат и шират дискриминација врз основа на родов идентитет, меѓу другото, за што следи и парична казна. Мора да се земе предвид фактот дека овој Закон ги регулира телевизиите, радијата и печатените медиуми и не го опфаќа Интернетот како медиум, со тоа што се исклучени онлајн верзиите на печатените весници.



Важна улога во врска со ИКТ игра и Дирекцијата за заштита на лични податоци[7] која врши инспекции на законитоста на дејствата преземени за време на обработката на лични податоци и нивната заштита во државата. Дирекцијата може да елаборира и усвојува подзаконски акти за заштита на лични продатоци, развива политики и насоки и може да врши инспекции согласно Законот за заштита на лични податоци. Дирекцијата исто така игра улога во оценувањето на законитоста на обработката на лични податоци и може да забрани понатамошна обработка како и да води прекршочни процедури и да постапува по барања од надзорни тела во сферата на заштитата на личните податоци. Таа исто така дава и експертски совети, мислења, гради капацитети во врска со оваа тема.

5 Закон за еднакви можности на мажите и жените, Службен весник на РМ бр. 6/2012; 166/2014.

6 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на РМ бр. 247/2018

7 https://www.dzlp.mk/en/node/2043

## 1.3.3 ПРИСТАП (КОРИСТЕЊЕ НА ИТ АЛАТКИ И МЕДИУМИ)

Како човеково право, пристапот до ИТ и Интернет за првпат беше предложено во рамки на Обединетите нации од страна на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување во 2011 година[8].

Новите технологии во областа на информациите и комуникациите, со посебен акцент на Интернетот, се сметаат дека воведуваат нова ера. Сепак, пристапот до новите ИКТ е сѐ уште далечна реалност за голем дел од луѓето (земјите од југот, руралните населенија) што резултира од бројот на бариери како што се отсуството на основна инфраструктура и недостатокот на докажани придобивки од ИКТ за да се адресираат предизвиците на локалното население. Овие бариери претставуваат уште поголем проблем за жените, за кои е поверојантно да се неписмени, да не знаат англиски јазик и да немаат можности за пристап до обуки за компјутерски вештини. Иако ИКТ имаат создадено бројни придобивки за вработување на жените, шемите на родова сегрегација се размножуваат во информатичката економија каде мажите ги имаат повеќето работни места за кои треба напредни вештини, додека, пак, жените се ги имаат оние за кои треба ненапредни вештини. Очигледно е дека постои потреба од адресирање на родовите димензии на информатичкото општество, посебно кога станува збор за интеграција на родовите перспективи во националните политики и стратегии за ИКТ и за промоција на економското учество на жените во информатичката економија. Зголемувањето на родовата еднаквост во ИКТ не значи поголемо користење на ИКТ од страна на жените. Тоа значи трансформирање на ИКТ системот на начин кој ќе ги рефлектира родовите потреби[9].

Во анализата која беше подготвена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[10] се наведува дека пристапот на жените до традиционалните медиуми (ТВ), кои имаат најголемо влијание во Македонија, е многу ограничено. Статистичките податоци за машки и женски соговорници во (дневните) информативни емисии кои гостуваат како експерти на одредени теми, ја презентираат сликата за присуството

8 https://feministinternet.org/en/principle/access
9 https://eige.europa.eu
10 "Gender on Television a Collection Of Annual Surveys on The Treatment of Gender Issues and the Way Women and Men are Depicted by The National TV Stations (2012 – 2016)", Marina Trajkova MA Emilija Petreska-Kamenjarova, Audio-visual Media Services Agency, 2017.

на жените и мажите во јавниот дискурс и во процесот на носење на одлуки во општествената сфера.

Презентираните податоци за секоја од анализираните години јасно откриваат родова асиметричност помеѓу присуството на жените и мажите во јавната сфера. Во секоја од годините, присуството на мажите како експерти и соговорници во вестите е за трипати повисоко од она на жените како експерти или соговорници на одредени теми. Феноменот, до одредена мера, може да се квалификува како „стаклен плафон" во политиката, бидејќи мнозинството на функции во државата ги имаат мажи. Па така, на пример, сегашниот претседател на државата како и премиерот се мажи (и ова е тренд кој трае), само 4 жени се министерки од вкупно 25, додека, пак, во Собранието поголем дел од пратениците се мажи. Само 6 жени се градоначалнички од вкупно 82 а слична е и ситуацијата со претседатели на политички партии, директори и други високи позиции. Од друга страна, жените се присутни во сите професии во јавната сфера и се релевантни извори на информации и експертиза. Следствено, малиот број жени на позиции на кои се носат одлуки не треба да се смета како доволен изговор за неинвестирање напори во ставањето на нивното знаење во фокусот. Се забележува и тренд на отсуство на женски искуства и експертиза во случаи поврзани со женски прашања, како на пример правото на абортус, семејни проблеми или информации поврзани со жени политичарки. Илустративен пример за ова се амандманите на Законот за прекин на бременоста, кој, од страна на медиумите беше малку покриен и речиси без присуство на женски искуства, ставови и потреби, со неколку исклучоци, иако овие одлуки директно влијаат на женското здравје и состојба.



Низ годините, медиумите покривале голем број настани и теми поврзани со родот, но сепак не од родова перспектива со што се одзема можноста за покривање теми како што се традиции, семејство и дом за да се покренат прашањата за родовите улоги во општеството или идентификацијата на жените со домот и семејството. Патријархалното позиционирање на жени во домот и семејството е особено видливо при медиумското покривање на религиозните празници, кога од жените главно се очекува да ги запазат традициите. Понатаму, се забележува и отсуство на изјави и мислења на жени политичарки при известување за нивни активности.

Вестите за медицинските достигнувања или отворањето на нови одделенија во клиниките поврзани со женското репродуктивно здравје како и медицинските случаи во кои жените претрпеле штета не се ставаат во родовиот контекст. Пристапот до темата за сексуално насилство

- главно на жени - е сличен. Иако оваа тема покренува важни родови прашања на најдиректен можен начин, уредниците на повеќето медиуми не сметаат дека е потребно да се даде дополнително објаснување за темата. Подлабока анализа на темата би понудила статистички податоци за големината на овој проблем, причините зад него и можните решенија. Дополнително, една телевизија[11] отиде дотаму што емитуваше прилог во вестите кој се фокусираше на промените во униформите на медицинскиот персонал, одбирајќи да ја стави оваа тема во сексистички контекст.

Од друга страна, Интернетот нуди поотворени и слободни платформи за изразување на различни пораки. Феминистичкиот Интернет започнува со овозможување на повеќе и разновидни групи на жени да уживаат универзален, прифатлив, достапен, безусловен, отворен, значаен и еднаков пристап до онлајн содржини[12].

Во првата половина од 2017 година во Македонија пристап до Интернет дома имале 73,6%. Од вкупниот број на корисници на Интернет во 2017 година, 49,4% биле жени и 50,6% биле мажи. Податоците според старосните групи покажуваат дека процентот на редовни корисници е највисок помеѓу лицата на возраст 15-24, каде 95% од жените и 100% од мажите на таа возраст се редовни корисници, додека, пак, најмалиот процент на редовни корисници се забележува кај старосната група 55-74. Според образованието, податоците покажуваат дека процентот на редовни корисници е највисок меѓу населението со терцијално образование, каде 96% од жените и 94% од мажите се редовни корисници. Процентот на редовни корисници е најмал кај населението со основно образование, каде само 51% од жените и 57% од мажите редовно користат Интернет[13].

Табела 1 - Корисници на интернет по род и возраст

| возраст | 15-24 | | 25-54 | | 55-74 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
| Корисници на Интернет | 95 | 99 | 90 | 87 | 54 | 59 |
| Редовни корисници[14] | 95 | 100 | 83 | 84 | 35 | 35 |

11 Sitel TV, 2013, news item titled "Sexy nurses go into history! No more short skirts or low necklines."
12 https://feministinternet.org/en/principle/access
13 Жените и мажите во Северна Македонија, Државен завод за статистика, 2019.
14 Редовни корисници се лица кои користат Интернет секој ден или најмалку еднаш неделно во последните 3 месеци, т.е. во првиот квартал од годината.

Околу 70% од Македонците користат Интернет од кои околу 40% посетуваат веб-страници и портали за редовно дневно информирање, а процентот е некако повисок на друштвените медиуми кога станува збор за истата намена (43%-46%). Нема некоја значајна разлика помеѓу половите во овој поглед[15].

Најпопуларни друштвени медиуми се Фејсбук, кој е следен од Инстаграм и Твитер како и Јутјуб. Според податоците од Фејсбук, во Македонија има околу 1,200,000[16] корисници на мрежата од кои 800,000 се возрасни.

Табела 2 - Проценки за корисници на Фејсбук

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | 620.000 | 56.4% | 660.000 | 55.0% |
| Жени | 470.000 | 42.7% | 500.000 | 41.7% |
| | | | | |
| Вкупно | 1.100.000 | | 1.200.000 | |

Дона Харавеј[17] во нејзиниот есеј, кој сега се смета за класика, вели дека кога ќе се дефинираат на границите помеѓу човекот и машината, родовите категории ќе станат старомодни а со тоа ќе се промовира утопискиот сон за свет без родови. Идејата ја наоѓа својата суштина во постмодерниот интерес да се предизвикаат есенцијалистичките и дуалистичките сфаќања за родот. Нејзниот тримфален извик „Порадо би била киборг отколку божица" веди кон родово неутрализирање отколку на предавање на иконите кои го истакнуваат родот.

Понатаму, оваа теорија дава основа за развој на квир теорија[18] и бројни квир организации и општествени групи го прифатија Интернетот како медиум кој ја неутрализира физичката дистинкција на родот, расата и сексуалната ориентација. Либералните феминистки, чии главни концепти се засноваат на значењето на слободата на изразување, ја прифатија сајбер културата како нов простор за активизам и бунт кој дозволува инфилтрирање на про-компјутерската субкултура во која доминираат мажи.



15 Истражување за употребата на медиумите: Медиумската писменост и саморегулацијата како услови за постигнување повисоки професионални стандарди и демократичност на медиумите, Ана Блажева, Метаморфозис 2017.
16 Податоците се базираат на проценетиот досег на Фејсбук и може да варира секојдневно, но процентите се прилично стабилни.
17 "A Manifesto for Cyborgs", Donna Haraway, 1985
18 Cyberfeminism Kira Hall Rutgers University, Camden, Susan C. Herring (ed.) Computer-Mediated Communication John Benjamins Publishing Company Amsterdam/ Philadelphia 1996 (Published as Vol. 39 of the series PRAGMATICS AND BEYOND NEW SERIES, ISSN 0922-842X)

Сепак, времето и користењето на друштвените медиуми покажа дека родот не е избришан во виртуелниот свет, напротив честопати е интензивиран и Интернетот е сведок на вербално насилство кое ретко се случува помеѓу странци во невиртуелниот свет, каде неговото исползување во секојдневна интеракција би се сметало како исклучок, а не правило.

Сајбер феминизмот препознава разлики во моќта помеѓу жените и мажите во дигиталните дискурси и смета дека е-медиумите го поттикнуваат женското учество во полето на информатичката и комуникациската технологија.

Првичната феминистичка идеја се стремни да направи жените да бидат онлајн. Веб-страници на женски организаци, портали за феминистички прашања се проширија на Интернет и женското учество стана полесно (потпишување онлајн петиции, покренување прашања итн.)

Раниот феминистички активизам зависеше од собирањето на жените во кујните, црквите, во мали групи за шиење, готвење и плетење. Потоа, почнале да се собираат во групи кои претставуваат зародиш на активизмот. Сајбер феминизмот дава можност за работење на начини кон кои феминистите отсекогаш се стремеле, но понекогаш имале проблеми да ги постигнат - инклузија, различност, транспарентност и отворен процес кој може да води до акција и промена. Жените може да го користат сајбер феминизмот за меѓусебна комуникација и да се поврзат преку прашањата кои се блиски до нив. Тие може да достигнат преку границите на нивните соседства за да разменат информации и искуства со нивните заедници од интерес. Истовремено, тие ги приближуваат глобалните ресурси до нивните локални заедници. Има уште многу што тие може да направат преку сајбер феминизмот, како влијаење врз владите, барање отчетност, промовирање демократско учество[19].

Во изминативе години се појавија бројни иницијативи во Македонија за да се донесат феминистичките идеи и активности во онлајн сферата. Најголемиот дел од нив се веб-страници на постоечки ГОи и мрежи на ГОи кои работат во делот на женски и родови прашања. Исто како и во светот, македонските ГОи цело време користат дигитални алатки при нивната комуникација. Околу 60,3% од нив имаат веб-страници и околу 80% користат Фејсбук[20]. Со оглед

19 cyberfeminism: changing gender inequality via information technology Mulyaningrum, a.b. Mohd Yusof, Suraya Ahmad, Shahrin Sahib page 5 paper presented on : International Conference on Engineering & ICT (icei 2007), eqoutorial, Melaka, Malaysia

20 Поврзување со граѓаните: Дигитални комуникации во граѓанскиот сектор во Македонија, Лејла Шабан и Моника Аксентиевска, Институт за комуникациски студии.

на тоа што овој е најкористениот друштвен медиум во земјата, граѓанските организации со право капитализирале од тој факт. Од останатите друштвени медиуми, граѓанските организации ги користат Јутјуб (30,4%), Твитер (25,1%), Линкдин (13%) и Инстаграм (7,7%)[21].

Останатото онлајн присуство е претставено преку неформални групи составени (најчесто) од жени кои се наоѓаат на друштвените медиуми како Фејсбук. Една таква независна иницијатива е „Бори се женски", која е посветена на родовата еднаквост преку поттикнување дебата на Интернет. Тие организираат настани за подигање на свеста на јавни простори и промовираат други активности фокусирани на родот.

Една нивна активност беше организирањето на мини маратон со цел додавање статии на Википедија за истакнати жени од Македонија и тоа на македонски јазик со цел да се подигне свеста за женските права и родовата еднаквост.

Активистите кои, како што велат „се спротивставуваат на заборавот", успејаа да креираат 40 статии за време на кратката кампања со кратки биографии за битни жени, од феминистки и активистки за човекови права од раниот 20-ти век до борци за слобода во Втората светска војна, модерни академици и уметници.

Најголемиот дел од членовите се исто така дел од неформалната група Тииит! Инк. која прерасна во формална организација и која спроведува активности за активно вклучување и поддршка на активистите за женски права и независните уметници во застапувањето за подобрување на женските права во македонското општество. Тие се обидуваат да овозможат жените да можат да ја искажат својата работа и мислења до пошироката публика (и владините тела) преку создавање неексклузивен простор за конструктивна дебата, креативна размена и можности за вмрежување. Тие работат на промоција на сите спектари на женските реалности, урбани, млади и маргинализирани, како што се сексуални работници, лезбејки, бисексуалци и трансродови лица, етнички и религиозни малцинства и многу други кои не можат да се изразат себе си како дел од мејнстрим културата. Нивните напори беа главно фокусирани на организирање феминистички фестивал „Прво па женско" и реализација на активностите од „Матка", платформа која застапува за бесплатен пристап до безбеден и легален абортус.



21 Ibid.

Дополнително, заедно со други активисти тие го организираат настанот „Пич прич" на кој се презентираат приказни од полето на феминизмот и родовата еднаквост.

Овие платформи и неформални групи се речиси флуидни со истите жени активистки кои се движат од една во друга во зависност од активностите. Во нив членуваат млади жени интелектуалки кои главно ја претставуваат урбаната елита, а се вклучени и сексуалните малцинства.

Во последно време се појавија и други феминистички платформи (некои и поддржани од донатори) како на пример Медуза.мк која е креирана за девојки, жени, родови и сексуални малцинства со цел да се пишува и чита за проблемите со кои тие секојдневно се среќаваат а се поврзани со нивните избори, права, тела, приказни...

Последната од овие кампањи беше Жени.мк, кампања која се спроведе на Фејсбук, Твитер и Инстаграм за промоција на помалку познати, неверојатни жени од Македонија.

Овие и други активисти ја предводеа локалната верзија на движењето #MeToo[22] наречено #СегаКажувам/#TaniTregoj, кога група жени од Македонија започнаа да споделуваат лични сведоштва на Фејсбук и Твитер поврзани со сексуално малтретирање од сторители на моќни позиции. Ова предизвика „ефект на снежна топка", а стотици жени се приклучија на движењето.

Првата верзија на кампањата имаше таков одзив. Следствено на тоа, хаштагот почна да го привлекува вниманието на троловите и анонимните профили на друштвените медиуми кои почнаа да го спамираат хаштаг со нова форма на манипулативна тактика наречена „whataboutism".

На тролањето се одговори со силни реакции кон оваа нова форма на злоупотреба и непочитување за жртвите на сексуално малтретирање од оние кои ги користат друштвените медиуми со нивното вистинско име.

Овие феминистички платформи се одраз на веќе постоечките и слични во регионот и светот како OneWorld[23] која има за цел да ја истражува поврзаноста помеѓу правата на Интернет, женските права и сексуалностите врз основа на нивното верување дека технологијата поседува огромна моќ при креирањето еднаков свет а и да ги оснажи девојките и жените низ светот. Тие го хостираат и поддржуваат порталот zenskaposla.ba.

22 https://globalvoices.org/2018/01/21/macedonia-has-its-own-metoo-movement-ispeakupnow-and-it-is-gaining-momentum/
23 http://oneworldplatform.net/en/

## 1.3.4 ЕКОНОМИЈА (ОБРАЗОВНА И ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА КОН ИТ)

Родовиот идентитет е еден од најсилните детерминанти во нашето општество. Како резултат на родовиот идентитет, луѓето во општеството имаат одредени родови улоги, однесувања, вредности и дејствија, атрибути кои даденото општество ги смета адекватни за мажите и жените. Нашите верувања за тоа како се жените и мажите, како обично се разликуваат според нивните карактеристики, вештини и однесување се предмет на промена во зависност од времето, географијата и културата. Концептот за род не е фиксиран, тој е флуктуирачки и сите ние сме вклучени во овој процес на дефинирање на родовите улоги. Сепак, родовите стереотипи кои се базираат на предодредени родови улоги го креираат она што е адекватно за машките и женските и често се одразуваат во изборот на образование или професија.

Пристапот на жените до и изборот на образование и професија директно влијае на нивната позиција во општеството и можностите за финансиска (економска) независност. Имајќи предвид дека професиите поврзани со ИТ моментно се едни од најдобро платените во државата, би се очекувало девојките да покажуваат интерес за студирање во полето на информатичката технологија.



Сепак, учениците од средните училишта во Скопје кои беа запрашани сами да го оценат своето знаење по англиски јазик, математика и ИТ покажаа статистички незначајни разлики во оценувањето по англиски и математика но кога станува збор за ИТ машките се самооцениле многу повисоко од девојките. Девојките во училиштата гледаат на информатичката наука како помалку соодветна за нивните секојдневни животи и помалку поврзана со нивните интереси. Се смета дека главниот извор за интересот кон компјутерите и Интернетот доаѓа од видео игрите кои девојките помалку ги играат[24]. Ова може да се поврзе со видот на видео игри креирани (главно развиени од мажи) и базирани главно на натпреварување и уништување. Девојките се мотивираат со различни видови на видео игри кои се базираат на комплетирање и фантазија[25].

24 Кратка анализа бр. 1: Инженерки, програмерки, информатичарки. Како да се надминат родовите стереотипи за техничките и информатичките професии? Ана Мицковска-Ралева, Кристијан Трајковски, ЦИКП, 2017.

25 "7 Things We Learned About Primary Gaming Motivations From Over 250,000 Gamers", Yee, Nick, Quantic Foundry, December 2016.

Учениците исто така имаа тешкотии при идентификувањето на жени кои служат како пример од научната и ИТ сферата и го истакнаа нивното растење кое ги вреднува традиционалните односи помеѓу жените и мажите во општеството во кое има помалку жени на високи позиции во ИКТ.

И покрај тоа што се свесни за традиционалната поделеност на улогите при изборот на професија, во основа машките и женските се лимитирани од страна на општествените стереотипи при изборот на кариера. Девојките ги потврдуваат очекувањата од општеството поврзани со домот (да бидат мајки, да се грижат за децата и домот) што ги ограничува да се ангажираат на начин како момчињата на професионален план. Според овие улоги, технологијата е машката работа и момчињата трошат повеќе време во интеракција со технологија. Со тоа, тие се повешти кога станува збор за технологија и се посамоуверени кога се соочуваат со технички проблеми за кои треба техничко знаење (како програмирањето)[26].

Родовата неурамнотеженост на пазарот на трудот влече корени од изборот на професијата и видот на образованието. Анализите потврдуваат дека важен фактор за родовата сегрегација при одбирањето професии се стереотипите за „машки" и „женски" способности кои се развиени преку процесот на родова социјализација или стекнување предодредени родови улоги[27].

Со текот на годините, родовата структура на женски и машки ученици во основно и средно образование останува иста. Во средното образование, ученичките биле позаинтересирани за гимназиско образование, додека, пак, учениците за стручно образование. Со годините се зголемил и број на жени кои се запишале на факултет. Исто така, има и повеќе жени кои се запишуваат на втор и трет циклус на студии и кои завршуваат прв, втор и трет циклус. Бројот на жени запишани на и со завршен прв, втор и трет циклус е генерално поголем во областа на општествените науки, хуманостите и медицинските науки, додека за техничките и технолошките науки бројот на жени е понизок во споредба со мажи студенти.[28]

26 Кратка анализа бр. 1: Инженерки, програмерки, информатичарки. Како да се надминат родовите стереотипи за техничките и информатичките професии? Ана Мицковска-Ралева, Кристијан Трајковски, ЦИКП, 2017.
27 Средношколците и природните науки: Анализа на ставовите и перцепциите од родов аспект, ЦИКП, 2016.
28 Жените и мажите во Северна Македонија, Државен завод за статистика, 2019

Табела 3 Број на дипломирани на додипломски студии по научно поле, број и распределба по пол во Северна Македонија, 2017

| Дипломирани студенти | Жени | Мажи | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 4.731 | 3.347 | 59% | 41% |
| Природни науки и математика | 219 | 137 | 38% | 62% |
| Технички и технолошки науки | 519 | 643 | 45% | 55% |
| Медицински науки | 563 | 199 | 74% | 26% |
| Биотехнички науки | 170 | 157 | 52% | 48% |
| Општествени науки | 2.471 | 1.873 | 57% | 43% |
| Хуманистички науки | 789 | 338 | 70% | 30% |

Бројот на жени вработени во македонските ИТ компании е прилично низок[29]. Истовремено, бројот на жени кои ги напуштаат своите работни места во компании од оваа индустрија е дали поголем од бројот на мажи.

Во Препораката за родова еднаквост на Советот на Европа во аудиовизуелниот медиумски сектор, усвоена во 2017, се наведува дека еден од индикаторите за набљудувањето на родовата еднаквост во рамки на организационата структура во аудиовизуелниот сектор е застапеноста на секој од половите од сопственичката структура. Анализата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[30] укажува на постоењето на „стаклен плафон" поради фактот што жените се ретко застапени на високи нивоа за носење одлуки и сопственост. Во телевизиската индустрија во Македонија, односот помеѓу вработени мажи и жени постојано открива машка доминација, без разлика на тоа колку пораснала бројката во тој сектор.

Па така, во 2012 година имало 688 жени наспроти 1076 мажи, а во 2016 имало 956 жени и 1548 мажи. Мажите во поголема мера се присутни во сопственичката структура и во управувачките позиции. Тие се позастапени и на уредничко ниво - само во една година имало четири повеќе уреднички



29 "Work Force Demand Survey for the ICT Industry in Macedonia 2009 Including some comparisons to the First Workforce Demand Survey for the ICT Industry in Macedonia conducted in 2005", SMMRI Skopje, ICT Chamber for commerce – MASIT, Skopje 2009.

30 "Gender on Television a Collection Of Annual Surveys on The Treatment of Gender Issues and the Way Women and Men are Depicted by The National TV Stations (2012 – 2016)", Marina Trajkova MA Emilija Petreska-Kamenjarova, Audio-visual Media Services Agency, 2017.

од уредници, додека, пак, во другите нивниот број бил речиси ист. Жените ги има повеќе меѓу новинарите и во маркетингот, а се далеку помалку застапени како технички и производствен персонал.

## 1.3.5 ИЗРАЗУВАЊЕ (ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ДРУШТВЕНИТЕ МЕДИУМИ, СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ, ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ ИТН.)

Една од клучните работи која произлегува од користењето онлајн и друштвени медиуми е прашањето за човековите права и приватноста, нивната злоупотреба и заштита. Според последните измени во македонскиот Кривичен законик[31] се предвидува затворска казна од една до пет години за ширење омраза, дискриминација или насилство против кое било лице или група врз основа на која било општествена поделба вклучително и родот или како член на маргинализирана група преку онлајн и традиционалните медиуми и средства за информирање.

Според меѓународните документи[32] почитувањето на човековите права е во јадрото на демократскиот напредок и тие укажуваат дека овие права треба да бидат заштитени во и вон Интернетот. Македонија, како потписник на овие документи, има обврска да ги почитува и да постапува соодветно по нив. Сепак, наоѓањето јавно достапни податоци за сајбер малтретирање врз основа на родот и за повреда на човековите права претставува предизвик. Во склоп на Министерството за внатрешни работи постои сектор за сајберкриминал каде што може да се пријават такви примери, но ваквиот вид повреди не е вклучен во редовните годишни извештаи објавени на веб-страницата на Министерството. Може да се претпостави дека поднесениот број на жалби за повреди на човековите права онлајн е прилично ограничен.

31 Кривичен законик, 2019.
32 Universal Declaration of Human rights (http://www.un.org/en/udhrbook/pdf/udhr_booklet_en_web.pdf); International Covenant on Civil and Political Rights (https://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/ccpr.pdf); European Convention on Human rights https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf); Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence - Istanbul Convention (https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/rms/090000168008482e)

Следствено, судската пракса за заштита на човековите права онлајн е сè уште релативно слаба што се должи на малиот број случаи на кои се работи[33].

Заради комплексната политичка ситуација во 2016 и 2017, во јавниот простор честопати доминираше говорот на омраза. Сепак, се забележа намалување во последниот месец од 2017 како резултат на смирувањето на политичката криза. Но, треба да се напомене дека имаше два случаи[34] на друштвените медиуми поврзани со говор на омраза врз основа на пол и род т.е. беа упатени сексистички навреди кон жени. Во првиот случај се работеше за одговор на изјава дадена од сопругата на премиерот за време на панел на јавна дебата за еднаквоста на жените во рамки на националната кампања „16 дена активизам против родово насилство". Во нејзината изјава таа истакна дека „местото на жената не е во кујната. Не постои во овој свет место на жените или место на мажите. Сите сме еднакви." По објавувањето на оваа изјава на друштвените медиуми, покрај политичките коментари бројни беа и коментарите со деградирачка, дискриминаторска и понижувачко сексуална содржина кон жените, а имаше и повици за насилство кон жените. Во вториот случај се работеше за објава на Фејсбук од страна на јавно лице и музичар кое, користејќи говор на омраза, коментираше на уметничка инсталација поставена во Скопје под името „Skopje Red Light District" на Меѓународниот ден за СТОП на насилство против сексуалните работници. Во нејзината објава таа употреби навредливи зборови кон сексуалните работници како и несоодветна терминологија и дискриминаторска содржина врз основа на пол и род како и општествен статус. Во коментарите има и навредливи и осудувачки зборови за жените. Ширењето говор на омраза кон одредена маргинализирана група во општеството придонесува за зајакнување на предрасудите и стереотипите кои служат како основа за нетолеранција и насилство.



Други случаи од претходните години вклучуваат хомофобични говори на друштвените медиуми посебно по најавите за признавање за неутралниот род во Германија. Таквите говори беа составени од повици за палење и убивање на луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Таквите реакции се чести, што укажува на тоа дека Република Македонија продолжува да биде хомофобично општество. Пасивноста на медиумите и

33 Состојбите поврзани со правото на заштита на личните податоци, Елена Трифуновска, објавено во Слободата на Интернет во Македонија, Извештај за 2017, Метаморфозис 2017.

34 Месечен извештај за ситуацијата со човековите права во Република Македонија за месец декември 2017, Хелсиншки комитет за човекови права, декември 2017

Интернет порталите при отстранувањето на коментари со говор на омраза на нивните профили на друштвените медиуми е загрижувачка.

Друг сличен пример имаше кога прашањето за легализација на истополовите бракови беше поставено од пратеник. Неговиот став, дека истополовите бракови треба да бидат легализирани во Република Македонија, беше проследен со многубројни примери на говор на омраза на Фејсбук и Твитер.

Од друга страна, граѓанските организации и родовите активисти го користат Интернетот, а посебно друштвените медиуми, за да ги разоткријат негативните практики во секојдневниот живот и да привлечат поддржувачи кои бараат промена преку друштвените медиуми. Има голем број примери во кои се повлекле учебници од наставните програми кои содржат родови стереотипи откако врз тоа бил извршен притисок на друштвените медиуми. Еден таков пример резултираше со жалба поднесена од Мрежата за заштита од дискриминација во врска со дискриминирачката содржина на учебникот по граѓанско образование за основно образование во однос на лекција за правата на жената. Поуката на лекцијата е дека развојот на општеството зависи од жени кои се почитувани и здрави и само тие може да дадат здраво потомство. Дополнително, во текстот имаше и илустрации. На едната се гледа жена со престилка како истовремено готви и стои пред компјутер, додека на другата има жена како седи крснозе и чита списание а мажот ја чисти просторијата со правосмукалка. Под илустрациите има текст со следново прашање: „Која од овие жени ги стекнала своите права?" што ги наведува учениците на нелогичен и симплистичен пристап до одговорот. Понатаму, во истата книга, авторите ги опишуваат улогите на жените во контекст на Адам и Ева кои живееле во рајот, а тоа ги прекршува принципите на секуларност во образованието бидејќи религиозните текстови се прикажани како легитимни извори на информации за правата на жените. Како одговор на тоа, Народниот правобранител поднесе Препорака до Министерството за образование во која беа наведени истите повреди и беа дадени конкретни дејствија кои Министерството треба да ги преземе. Министерството за образование и наука ги прифати препораките на Народниот правобранител и одлучи да го повлече учебникот од наставната програма.

Ситуацијата е прилично сериозна со маргинализираните групи (ЛГБТ луѓето, корисниците на дрога, сексуалните работници и луѓето кои живеат со ХИВ) и како тие се прикажани во онлајн и традиционалните медиуми.

Во традиционалните медиуми, начинот на известување за членовите на ранливите групи треба да биде без сензационализам, според Кодексот на новинари[35], но праксата покажува дека овој пристап е вообичаен и неизбежен секогаш кога се пишува за нив, и само во мал број случаи медиумите имаат разбирање и се општествено инклузивни за овие ранливи групи. Медиумите не известуваат за прашања кои се однесуваат на конкретни проблеми и потребни со кои се соочуваат членовите на маргинализираните групи.

Честопати медиумите ги прикажуваат сексуалните работници и корисниците на дрога како криминалци и покрај тоа што ниту проституцијата ниту користењето дрога не се кривични дела, туку нарушување на јавниот ред и мир. Загрижувачки фактор е тоа што новинарите ретко се обидуваат да ги истражат полициските извештаи во кои корисниците на дрога и сексуалните работници се прикажани како криминалци, дури и во случаи кога се бара заштита токму од полицијата при повреда на нивните права.

Од таа гледна точка, двата вида медиуми даваат различни перспективи. Традиционалните медиуми се одликуваат со „неутрално кон непријателски" ставови (голем број од коментарите ги осудуваат медиумите и општеството како конзервативни), а новите пак вклучуваат цел спектар од афирмативни до негационистички однесувања.

Сепак, и покрај тоа што креираат поголем плуралистички простор, друштвените медиуми сè уште не се ефективни кога станува збор за зголемување на видливоста и борбата против стереотипите во демографска смисла. Профилот на самите блогери е изолиран: горна средна класа, средни до големи урбани денизени со високо образование. Клучната помош на новите медиуми е видот на симболичен капитал на видливоста.[36]



35 Според членовите 10 и 11 од Кодексот на новинари, новинарот ќе ја почитува различноста и нема да создава или преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи (znm.org.mk)

36 Media and Marginalized Communities Media discourses and discrimination against members of marginalized groups (drug users, sex workers, LGBT, people living with HIV), Главен истражувач: Жарко Трајаноски. Соработници: Ирена Цветковиќ и Станимир Панајотов, Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Скопје 2011.

# 1.4 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ



# 1.4 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Заклучоци:

- Традиционалните медиуми се затворени за женски и родови прашања. Друштвените медиуми обезбедуваат платформа за поголем ангажман во поглед на овие прашања.
- Бројот на онлајн феминистички активности е доста ограничен (се брои на една рака). Ова е и обесхрабрувачки и дава можност за отворање нови теми и иницијативи.
- Патријархалните општествени норми ги охрабруваат машките кон ИКТ а недостатокот на жени-примери во оваа сфера дополнително ги туркаат жените кон помалку платени работни места во стопанството.
- Политиката во офлајн просторите влијае на женските тела и дејства, а со тоа се засилува хиерархијата и на материјално и на симболично ниво.



Препораки:

**1. Промоција на ИКТ како професионални можности за девојки и жени.**

Да се обезбеди простор и можности за девојките да имаат интеракција со разни информатички и комуникациски технологии со цел да се спротивстават на родовите стереотипи. Да се охрабрат девојките да се отворат кон идејата за ИКТ како професионална ориентација преку обезбедување примери од сферата на ИКТ.

**2. Со цел да се оснажат жените, дигиталните ИКТ програми мора да ги земат предвид бариерите при пристапот на жените.**

Постојат многу фактори кои влијаат на тоа како жените имаат интеракција преку дигиталните технологии почнувајќи од знаењето и вештините како да ги користат истите, пристап и ресурси до психолошки бариери во врска со можни негативни реакции и одговори.  Овие работи треба да се земат

предвид при поставувањето дигитални платформи за прашања поврзани со жените.

**3. Да се најдат начини да се вклучи поголем број на жени на позначајни начини.**

Голем дел од жените кои се активни и ангажирани на постоечките онлајн платформи доаѓаат од урбаната елита. Многу жени остануваат пасивни примачи на онлајн информации или користат Интернет за забава отколку за едукација. Треба да се направат напори за да се дизајнираат пристапи и да се одберат теми кои директно влијаат на секојдневниот живот на жените со цел да се привлечат да го канализираат нивното учество онлајн.

На пример, една иницијатива во Јужна Африка употреби онлајн платформа за да ги поттикне девојките да стапат во контакт со креаторите на политики на јавни места каде тие се чувствуваат безбедни.[37]

**4. Поддршка за создавање поголема онлајн видливост за жените застапнички.**

Донаторите, фондациите и мрежите на граѓански организации треба да направат напори да ги поддржат активистите (формални или неформални групи) во промоцијата и воспоставувањто дигитални содржини кои се фокусираат на родов активизам.

**5. Користење на ИКТ како олеснувач во инклузијата на жените во процесот на носење на одлуки за национални и локални политики како и за носење на одлуки на ниво на заедницата.**

ИКТ може да овозможи економско оснажување на жените, но сепак тоа не значи автоматски поголема општествена и политичка моќ. Политиките и програмите повезани со ИКТ треба да покажат поголема загриженост и да го оценат влијанието на ИКТ врз родовите односи.  Во ИКТ сферата, жените имаат ограничен сопственички удел и ограничено влијание на процесите за носење на одлуки бидејќи се недоволно застапени и во приватниот сектор и во владините тела кои доминираат на ова поле.

**6. Да се направи подетално истражување за тоа кога и како дигиталните информатички и комуникациски технологии придонесуваат кон женска**

37 "Voice and Agency : Empowering Women and Girls for Shared Prosperity", Klugman, Jeni; Hanmer, Lucia; Twigg, Sarah; Hasan, Tazeen; McCleary-Sills, Jennifer; Santamaria, Julieth. 2014. Washington, DC: World Bank Group. (https://openknowledge.worldbank.org/handle/10986/19036)

**мобилизација околу конкретни прашања кое ќе има ефект во нивно овозможување да ги проектираат нивните погледи и интереси на начини кои влијаат врз носителите на одлуки.38**

Како што ИКТ може да обезбеди видливост и да ги зајакне кампањите водени од жени, потребно е таа да го земе предвид и офлајн светот како и моќта и борбите во него кои директно влијаат на дејствијата онлајн. Важно е да се изгради солидарност меѓу различни групи на жени и други засегнати страни за да се постигнат одредени цели.

**7. Законските одредби и политиките кои ја регулираат употребата на ИКТ треба да бидат родово сензитивни и да обезбедат заштита на корисниците од насилство и малтретирање.**

Бранителите на женските права се соочуваат со родово специфични ризици на Интернет и вон него. Говор на омраза кој содржи мизогинија, онлајн малтретирање и закани сè повеќе имаат влијание над поендинки и групи на жени кои користат Интернет за политичко учество, слобода на говор и за пристап до информации. Мора да се најде одговор на родовото насилство на Интернет а на жените им е потребен пристап до алатки за дигитална безбедност за да се заштитат самите себе. Поконкретно, дефинициите за криминал мора да ги опфатат сајбер демнењето, тролањето, сексуалната експлоатација онлајн и други повреди.



**8. Да се подигне квалитетот на истражувањата во полето на користењето на ИКТ од страна на жените, потребни се податоци поделени по пол врз основа на стандардизирани индикатори поврзани со целите на политиките.39**

Недостатокот на податоци поделени по род е една од најголемите бариери за делотворен развој на политики базирани на род во Македонија. Развивањето стандардни индикатори за користење на ИКТ и ефектот од политиките би го подобрило мерењето на промената и резултатите во оваа област. Исто така, повеќе студии на тема ИКТ би биле корисни и тие треба да бидат посистематски со цел да обезбедат подетален увид во тоа кога и како жените користат ИКТ за да го зголемат својот глас и влијание.

38 https://www.ictworks.org/6-recommendations-for-supporting-women-and-girls-power-voice-and-influence-through-digital-icts/#.XIVj2ihKjIW

39 Ibid.

# 1.5 ОГРАНИЧУВАЊА НА ОЦЕНКАТА

## 1.5 ОГРАНИЧУВАЊА НА ОЦЕНКАТА

Со оваа оценка направив обид да обезбедам увид во општата состојба во однос на родот и ИКТ како и преглед на практиките на Интернет кои влијаат на добробитот на жените и мажите, момчињата и девојчињата и да се разберат конкретните локални манифестации на овие практики, нивната употреба и нивните ефекти.

Оваа публикација на ниту еден начин не претставува опсежна анализа ниту се базира на квантитативни репрезентативни податоци. Со тоа, заклучоците се индикативни и овозможуваат извлекување генерални заклучоци во врска со ова прашање.

И покрај сите ограничувања, очекувам дека анализата ќе придонесе кон подигање на свеста за ова прашање и ќе инспирира понатамошни истражувања во оваа област како и последователни дејствија. Се очекува дека наодите и препораките дадени погоре ќе бидат дел од постратешка рамка која ќе предводи интервенции во областа.